Врз основа на член 64, став 2 од Законот за внатрешни работи (“Службен весник на РМ“ бр. 19/95, 55/97 и 38/2002), министерот за внатрешни работи, донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ДОКУМЕНТИ, ИЗВЕШТАИ, ПОДАТОЦИ И ДРУГИ АКТИ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ ШТО СО ЗАКОН, ДРУГ ПРОПИС ИЛИ ОДЛУКА НА НАДЛЕЖЕН ОРГАН СЕ ОЗНАЧЕНИ КАКО ДРЖАВНА, ВОЕНА ИЛИ СЛУЖБЕНА ТАЈНА

Член 1

Во Правилникот за начинот на чување и заштита на документи, извештаи, податоци и други акти во Министерството за внатрешни работи што со закон, друг пропис или одлука на надлежен орган се означени како државна, воена или службена тајна (“Службен весник на РМ“ бр. 48/95), во членот 10, став 2, алинејата 17 се менува и гласи:

“ - базите на податоци од областа на внатрешните работи“;

Во алинејата 19 зборот “Дирекцијата“ се заменува со зборот “Управата“.

Член 2

Во членот 13, став 2, по зборот “менувањето“ се додаваат зборовите: “или укинување-то“.

Член 3

Во членот 17, став 1, точката 4 се брише.

Точките 5, 6, 7, 8 и 9 станувaат точки 4, 5, 6, 7 и 8.

Ставот 2 се менува и гласи:

“Документите кои претставуваат државна тајна или службена тајна од степенот “строго доверливо“ можат да се изнесуваат и користат надвор од службените простории само врз основа на издадено посебно одобрение од министерот, по претходно барање на надлежен државен орган од одбраната и безбедноста, односно врз основа на одлука на суд, а другите документи можат да се изнесуваат заради извршување на службени работи само со одобрение од министерот или од него овластен работник.“

Член 4

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 151-24075/1
9 мај 2003 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Хари Костов**, с.р.